Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 145

Октомври 2024 г.

цена 20 денари,

**М-р Радмила ЈОВАНОВА,**



## На трките мојот фокус е на состојбата на умот

Quehenberger logistics

ЖИТ-ГО Маркети

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

**Д-р. СТАНКА ВЕЛКОВА, раководител на одделот за гинекологија и акушерство при Клиничка болница-Штип**

## Најголема е радоста која ќе сретнам мајка со „мое“ бебе



➢ ***Професијата гинеколог бара големо теоретско и практично знаење, капацитет за носење на високо промислени, навремени и честопати брзи одлуки поврзани со состојбата на родилките и бебињата. Од друга страна нема поголема радост од бебешкиот плач за сите нас во тимот. Уште поголема е радоста кога шетајќи ќе сретнам мајка со некое ‘‘мое“ бебе‘, радост која заедно сме ја доживеале давајќи и го на мајката најскапоцениот подарок на светот.***





## Признанието „8 Ноември“ за 12 инспиративни граѓани и институции

## Како американецот Скот, штипски зет стана македонски државјанин

***Иван Бојаџиски***



# За познатиот Миленко Смоје, неговата инспирација и новата штипска убавина наречена Градски еко парк

На почетокот на осумдесеттите години од минатиот век во Штип престојуваше делегација на збратимениот хрватски град Сплит предводена од легендарниот претседател на општината – Анте Скатеретико чиј домаќин беше познатиот во тие времиња доктор Богољуб Јовев, специјалист оториноларинголог. Меѓу драгите гости беше и прочуениот сплитски, хрватски и југословенски новинар, писател и автор на сценарија за голем број ТВ серии Миленко Смоје. Мене ми беше доверена улогата на негов домаќин бидејќи ткивото кое нас не врзуваше беше новинарството, а некоја година пред нашата средба и една моја претстава (кабаретска) се играше во Народниот театар, па и по тој основ имавме некој грам сличности.

Со Смоје, чии ТВ серии ги гледаа милиони тогашни жители на Југославија, седиме во големиот ресторан на Модната конфекција „Астибо" и го чекаме почетокот на модната ревија во чест на делегацијата од збратимениот Сплит. Има уште некое време пред да започне ревијата, со Миленко си правиме муабет преку кој јас му давам основни информации за нашиот град, а во еден момент драгиот гостин ме прашува: Иване, имам три прашања за тебе. Прво, дали Штип има градски дувачки оркестар, второ дали има свој градски весник и трето дали има голем градски парк.

Не ми беше јасно зашто Миленко ме прашува баш за овие три нешта, но како добар домаќин морам точно да му кажам како стојат работите во однос на неговите три за мене загадочни прашања: „Од сето наброено од Ваша страна Штип има само градски весник, а тоа е Штипски Весник, но нема ниту градски дувачки оркестар, а нема ниту голем градски парк. Од зеленило има неколку мали, маалски паркови но големиот штипски парк, излетничкото место, големите бели дробови на Штип-Суитлакот стана градежна зона", велам јас.

„Види Иване, за еден град да се нарече град, покрај градски весник мора да има и градски дувачки оркестар и голем градски парк. Кажи му го тоа на претседателот на општината", ми рече тогаш Миленко Смоје.

Од тоа време и од тој разговор поминаа точно 41 години. Штипски весник го замени Штипски Глас, Градски дувачки оркестар имаме но тој не функционира од за мене непознати причини, а голем градски парк....

Е, баш овој дел од приказната со Миленко Смое ми ја даде идејата за овој поглед од мој агол. Имено, градот нема ни приближно голем парк кој би одговарал на неговата големина и значење во регионот и во државата, па оттука со голем ентусијазам ја прифатив информацијата дека локалната општинска власт во својата програма за развој на градот донела одлука за изградба на најголем градски еко парк во Источниот плански регион!

Прекрасно, си реков и седнав пред лаптопот за да го кажам својот личен став кон оваа најнова, според моите мерила, капитална инвестиција во нашиот Штип. Прво што сакам да забележам е тоа дека центарот на еден регион со близу 182.000 жители конечно ќе добие една убавина за која пред 41 година лобираше еден голем новинар, писател и сценарист од форматот на Миленко Смоје. Второ, дека паркот кој треба да биде готов до средината на идната година ќе има поголем број одлични содржини кои ќе бидат привлечни за сите генерации. Младите мајќи ќе имаат своја оаза во која безгрижно ќе можат да ги шетаат своите деца по патеките кои ќе се протегаат низ зелените тревнати површини покрај Брегалница, втората по големина река во Македонија, бабите и дедовците свои внуци/внуки, младата штипска генерација и сите кои без оглед на годините (ќе) се чувствуваат млади ќе можат да уживаат во бројните културни, музички и забавни и содржини...Ќе има и мнго клупи на кои ќе може да се седне, да се одмори, со пријателите да се поразговара на слободни теми, ќе може погледот да се упати кон мало, вештачко езерце.....

***За еден град да се нарече град мора да има три нешта: свој дувачки оркестар, свој весник и свој голем градски парк. Без таа тријада ниту еден град не е град. Вака, пред 41 година, во Штип ми зборуваше Миленко Смоје, исклучителен новинар, пи-сател и сценарист од збратимениот град Сплит. Штип добива голем градски еко парк, весник има, му фали само активација на Градскиот дувачки оркестар, но овој текст е инспириран од новата идеја за голем еко градски парк...***

Можно е, оние фанатици кои мислат дека се добри говорници и сакаат јавно да искажат свои ставови по разни прашања кои ги тангираат нашите животи, а на медиумите не добиваат шанса за такво нешто, да добијат свое парче простор, свој Хајд Парк, и од таа слободна говорница на слободните луѓе да упати критика, пофалба, предлог, идеја кон локалната или централната власт. Или, можеби, да прочита една убава песна, да испрати убава порака за нешто што ни е важно на поголем дел од нас жителите на Штип кој со секој нов ден станува се поубав и попривлечен за живот град.

Поради сите овие нови околности мислата ми се врати четири децении station наназад за една убава средба во нашиот се поубав град да ја спојам со новата, прекрасна идеја за паркот и сето негово значење и убавина.

# Признанието „8 Ноември“ за 12 инспиративни граѓани и институции

Општина Штип ја одбележа 80 годишнината од ослободувањето. По тој повод традиционално се одржа свечена седница на Советот на општината на кој осмоноемвриските признанија им беа доделени на граѓани и институции кои помеѓу двата најголеми празника на градот - 8 Ноември 2023 и 8 Ноември 2024 година дале посебен придонес за развојот и угледот на Штип.




Осмоноемвриското признание им е доделено на:

Проф.ф-р Мишко Џидров, проректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ за посебни остварувања во високото образование;

Методка Стојанов и Драган Јовановски, пилоти, за покажаното високо ниво на општествена одговорност при гаснењето на шумските пожари;

Стојан Арсов, екс фудбалер на Брегалница, за посебни остварувања на полето на спортот;

Проф. Методи Хаџијанев, за посебни остварувања во одбраната и безбедноста на Република Македонија;

Марија и Стојан Димкови, за исклучителен придонес во областа на културното наследство и заштита на правата на македонците од Егејскиот дел на Македонија;

Ателје Колирс АМ, за посебен придонес во развојот и афирмацијата на ликовната уметност;

Виктор Велинов, за посебен придонес во поддршката на спортските клубови и за афирмација на општествените вредности;

Јасмина Чанева Лазовска, за афримација на модата преку нов моден бренд;

Кирил Кузманов, за афирмација на музичката култура;

Иван Костески, за постигнати резултати на интернационални натпревари;

Здружение за социјална инклузија и доживотно учење, за посебни остварување во овие сфери.

Откако им честита на добитниците, пред присутните се обрати градоначалникот Иван Јорданов:

-Изминатата година се посветивме на изградбата на нови тротоарски површини и реконструкција на старите за пешаците да бидат побезбедни. Започнавме со изградба на спортскиот центар „Џексон“, а изградивме и нов кружен тек со што е подобрена безбедноста во сообраќајот и е олеснет пристапот до Клиничка болница Штип.

Во овој временски период извршивме поврзување на фекалната канализација на населбата Железничка и индустрискиот дел на градот со главниот колектор, интензивно продолживме со изградбата на Линија 2 и реконструкција на старата водоводна и канализациона мрежа.

Улицата „Ванчо Прке“ ја претворивме во пешачка зона збогатена со урбана опрема и декоративни садници. Продолживме да ја подобруваме спортската инфраструктура, да градиме нови мултифункционални паркови и игралишта, финансиски ги поддржувавме спортските клубови и организации, организиравме голем број спортски манифестации со цел да ги мотивираме граѓаните да спортуваат и да создаваат здрави животни навики.

Сето ова придонесе градот Штип, на свечена седница во Европскиот парламент, да биде прогласен за Европски град на спортот за 2024 година. Огромен исчекор направивме и во образованието, обезбедивме бесплатни униформи за сите ученици во основното образование, во населбата Три Чешми приспособивме простории за згрижување на децата од предучилишна возраст, а голем дел од училиштата и градинките се реконструирани и станаа енергетски ефикасни со поставување на фотоволтаици., рече градоначалникот Иван Јорданов.

**Д-р. СТАНКА ВЕЛКОВА, раководител на одделот за гинекологија и акушерство при Клиничка болница-Штип**

# Најголема е радоста кога ќе сретнам мајка со некое „мое“ бебе, радост која заедно сме ја доживеале

Доктор Станка Велкова, специјалист акушер, од месец август годинава, раководи со Гинеколошко-акушерското одделени при Клиничката болница – Штип. Со оглед на значењето на ова одделени во севкупниот здравствен систем кај нас, со д-р Станка правиме интервју во овој број на Штипски Глас.

**✹Д-р Станка, кажете ни нешто за себе?**

-Завршив медицински факултет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје во 2003 година. Моето прво вработување беше во Итната медицинска помош во ЈЗУ Здравствен дом –Штип каде што работев до 2008 г.Од 2009 г.сум вработена во Клиничка болница –Штип ,а од 2015 сум специјалист акушер на Гинеколошко-акушерското одделение. Веќе две години сум на супспецијализација по перинатологија на ГАК-Скопје. Раководител на одделот за гинекологија и акушерство сум од август оваа година.



Д-р. СТАНКА ВЕЛКОВА

***Во последните десет години ќе воочиме значителен пад на бројот на новородените .Или во бројки тоа би било следното: ако во 2014 година во Болницата сме имале 990 новороденчиња, во 2023 година бројката е преполовена ,односно кај нас се родени вкупно 475 бебиња.***

**✹Во долготото очекување на новата Клиничка болница како вашето одделени стои по однос на просторното прашање? Ги имате ли основните услови за квалитетно сместување и нега на родилките и бебињата родени на Вашиот оддел?**

-Сите ние, како пациентите така и ние вработените, со нетрпение ја очекуваме реализацијата на долгоочекуваниот проект завшувањето на изградбата на новата Клиничка болница, каде што родилките ќе се пораѓаат во нови и современи услови. Но и покрај тоа што Болницата е стара, сегашните услови на нашиот Оддел се пристојни. Основни услови за квалитетно сместување, медицинска грижа и нега на родилките и бебињата имаме.

**✹Постојано се пишува и говори за недостиг од стручен кадар во нашите болници, а од тоа не е иземена ниту Клиничка болница Штип. Па одтука, согласно систематизацијата која ја имате, дали постои недостиг од доктори-специјалисти, од медицински сестри, болничари, а ако постои како Вие го надополнувате тој минус...**

-Како и во повеќе здравствени установи низ државата така и во нашата болница постои недостаток од стручен кадар. Во моментот на нашиот оддел сме пет доктори-специјалисти од кои две докторки се на породилно отсуство.За околу еден месец едната колешка ќе се врати на работа со што ќе го доекипираме тимот. Сепак и покрај недостатокот на специјалисти во последните неколку месеци работиме максимално посветено и ангажирано и сме тука за сите пациентки не само од Штип туку и за целиот Источен регион. Кога пак станува збор за останатиот здравствен персонал, на нашиот оддел според систематизацијата на нашата установа медицинските сестри и болничари имаме во доволен број. На одделот имаме само една медицинска сестра која работи со договор на определено а,сите останати се на неопределено ,односно со ре-

шен статус.

**✹Ако имате некоја анализа можете ли да ни кажете колку деца годишно се раѓаат на Вашето одделение и освен од Штип од кои други места се родилките? Дали вашите анализи покажуваат дека од година во година имаме се помалку новороденчиња зашто депопулацијата во Македонија станува прашање кое исклучително загрижува?**

-Статистички ако ги анализираме податоците во последните десет години ќе воочиме значителен пад на бројот на новородените. Или во бројки тоа би било следното : ако во 2014 г во Болницата сме имале 990 новороденчиња, во 2023 година бројката е преполовена, односно кај нас се родени вкупно 475 бебиња.Како причини за намалувањето на бројот на новородените би ги издвоила отварањето на многу приватни родилишта,но секако за пад на наталитетот придонесува и иселување на младата репродуктивна популација.Трендот на депопулацијата се должи на двојната негативна и миграциска рамнотежа.

**✹Какво е чувството на еден тим кај вас, доктор гинеколог, сестра, евентуално анестезиолог, и некои други кои учествуваат во процесот на продување, кога вашата стручност, вашиот труд, вашата посветеност ќе резултира со првиот бебешки плач?**

-Во процесот на породување учествува цел еден тим составен од: гинеколог-акушер,медицинска сестра-акушерка,по потреба и доктор анестезиолог,медицинска сестра инструментарка и анестезиолошка сестра, доколку породувањето се одвива со царски рез. Секако да не ги заборавиме и специјалистот неонатолог и медицинската сестра од одделот за неонатологија со кои заеднички учествуваме во процесот на породувањето.

***Денес, за разлика од минатото, со развојот на технологијата и интернетот жените се повеќе се едуцирани и во оваа област. Подготовката за бременост, породувањето и раѓањето, постпарталниот период треба да се дел од планираната грижа за женското здравје. Најголем придонес во ова треба да имаат матичните гинеколози, како прв и најчест контакт со секоја пациентка.***

Сакам да потенцирам дека професијата гинеколог бара големо теоретско и практично знаење, капацитет за носење на високо промислени, навремени и честопати брзи одлуки поврзани со состојбата на родилките и бебињата. Од друга страна нема поголема радост од бебешкиот плач за сите нас во тимот. Уште поголема е радоста кога шетајќи ќе сретнам мајка со некое ‘‘мое бебе‘‘, радост која заедно сме ја доживеале давајќи и го на мајката најскапоцениот подарок на светот.

**✹Би сакале да ни кажете колку години има најмладата, а колку години најстарата родилка која се породила на вашето одделение? Дали, последниве година-две или и повеќе, родилките се во повозрасни години, зашто кај нас се вели дека младите се потешко стапуваат во брак зашто не сакаат обврски. Какво е Вашето мислење по однос на ова прашање.**

-Најмлададата родилка породена на нашиот оддел беше на 14 годишна возраст, а најстарата која се породи пред околу три месеци имаше 49 години. Идеален период за раѓање на прво дете е околу 25-тата година, но денес ретко кој се одлучува да раѓа на таа возраст,границата е поместена на околу 29-30 години.Од тука би упатила и еден совет до идните мајки дека биолошкиот часовник кај жените работи и со самото стареење значително се намалуваат можностите за природно забременување и износување на бременоста без компликации.

**✹Од Ваше искуство, сметате ли дека нашата жена денес е повеќе едуцирана од порано во однос на зачувување на здравјето, во однос на грижата во текот на бременоста, на мајчинството, и како подобрата едукација помага во**



**процесот на бременоста и породувањето? Дали во оваа насока, во едукацијата, учествуваат и специјалисти од Вашиот оддел?**

-Денес за разлика од минатото со развојот на технологијата и интернетот жените се повеќе се едуцирани и во оваа област. Подготовката за бременост, породувањето и раѓањето, постпарталниот период треба да се дел од планираната грижа за женското здравје. Најголем придонес во ова треба да имаат ма-

тичните гинекользи,како прв и најчест контакт со секоја пациентка.Во нашата Болница до пред неколку години постоеше советувалиште и предродилни подготовки за трудници. Во подготовки сме повторно да ги воведеме и истите да им бидат достапни на сите трудници кои грижата за својата бременост и породување ќе ја доверат на нашата болница.



**✹Доктор Станка, младите се повеќе ја напуштаат државата, младите брачни парови се определуваат за едно до две деца, старите семејства имале по 4-5 и повеќе деца. Што, според Вас, ги спречува младите да имаат поголема фамилија, посебно ако често знаеме да кажеме дека децата се нашето најголемо богаство?**

-Да, во минатото семејствата имале по 4-5 деца, но денес паровите најчесто се одлучуваат за едно или две деца. Денес се е променето во начинот на живот, на тоа влијае не толку економскиот момент колку квитетот на живот кој младите очекуваат да го добијат иселувајќи се од државата. Бројот на новородени само во 2023 година е намален за 7,4%за разлика од претходната година.

***-Најмлададата родилка породена на нашиот оддел е на 14 годишна возраст, најстарата која се породи пред околу три месеци имаше 49 години. Идеален период за раѓање на прво дете е околу 25-тата година,но денес ретко кој се одлучува да раѓа на таа возраст, границата е поместена на околу 29-30 години.***

Мој најголем предизвик како раководител е унапредување на здравствените услуги кои ги пружа одделот по гинекологија и акушерство во Клиничка болница Штип, мотивиран стручен и задоволен здравствен персонал и најважното од се-задоволни пациенти. Тоа е мојот врвен приоритет. Секако, моја најголема цел кон којашто се стремам и во иднина ќе настојувам да ја остварам е да се врати довербата во државните родилишта.

И за крај Хипократ рекол ‘‘Жената е сила на природата,затоа што има можност да роди нов живот, чинот на раѓањето е уникатен, жената во тие моменти е најранлива. Затоа во тие моменти треба да се почитува интегритетот и телото кое раѓа нов живот“.

ЕКОНОМИЈА

# Големото признание од „Бизнис лидер“ за Адиент Сеатинг

На церемонијата од првото издание на признанијата под наслов „Бизнис лидер“ кои се доделуваат врз основа на строго определени критериуми, синоќа во Скопје беа доделени наградите на лидерите на најуспешните македонски компании за 2023 година од повеќе индустриски гранки. Награди се доделени за исклучителни достигнувања во секојдневното деловно работење и придонес за економскиот раст и развој на Македонија. Меѓу наградените е и Адиент Сеатинг, компанија која во фабриката во Штип има 1.400 вработени. Таа доби признание во категоријата на текстил. Признанието го прими Роберта Василева, менаџер за човечки ресурси. Инаку, токму Адиент Сеатинг го доби признанието за најдоброто во стопанството за 2023 годин кое годинава им го додели регионалниот актив на новинари „Исток“.

Адиент Сеатинг е единствена компанија од Штип и целиот Источен плански регион која го доби ова големо признание за остварените производни резултатите во текот на 2023 година.

„Оваа вечер не е само кулминација на нашата работа во последните година дена, туку е првиот чекор кон почнување на еден проект кој ќе ги обедини бизнисите во Македонија, кој ќе почне партнерски да делува со сите чинители кои се борат за подобра иднина на македонската деловна заедница“, изјави на отворањето Владимир Ристевски, извршен директор на Евентика ДОО Скопје. Притоа Ристевски напомна дека реализацијата на овој настан е само почеток на проектот кој ќе помогне во развојот и зајакнувањето на македонската деловна клима.



# Како американецот Скот, штипски зет стана македонски државјанин

Годинава, во месец мај, Скот Јазинка, американец, штипски зет, доби и македонско државјанство. Со оглед на фактот дека речиси и тешко во нашава земја ќе се наиде на друг таков пример,со г-дин Скот Јазинка разговараме за оваа негова одлука и за неговата врска со нашиот Штип и Македонија.

-Идејата да земам и македонско државјанство е на мојата сопруга, а ваша сограѓанка Габриела. Со задоволство ја прифатив идејата на мојата животна придружничка и искрено се радувам што станав Македонец. Државјанството подеднакво ми овозможува и други олеснувања, но најважно од се е што јас Македонија ја доживувам како една прекрасна земја во која често претстојувам, вели Скот Јанзика.



Габриела и Скот

Како се случ човекот кој има над 30 години искуство како инвестициски банкар, виш менаџер, финансиски аналитичар, консултант и регулатор за комунални услуги во развиените и земјите во развој, и кој работел за владите на десеттина држави вои светот да стане штипски зет?

-Врската со габриела настана виртуелно, како што настануваат голем број врски во денешно технолошки напредно време. Но, само после една недела посакав и лично да се запознаам со Габриела. Одлично го паметам 19 март 2011 година кога дојдов во градот под Исарот и ја имавме нашата прва средба. Нашето познанство се интензивира и набргу прерасна во љубовна приказна. Многу бргу, веќе на 29 мај одлучивме да го започнеме заедничкиот живот. Се регистриравме на 9 Март 2012 година, на роденденот на Мирјана Хаџи-Николова, мајката на Габриела, појаснува Скот.

Бараме од нашиот соговорник да ни каже нешто повеќе за себе.

-Роден сум во американско дипломатско семејство во Адис Абеба, а живеев во неколку африкански и европски држави. Моите родители, поради природата на нивната работа често пати се дислоцираа па јас средно училиште завршив во интернационална образовна институција на Филипините пред да се вратам во САД и таму да студирам. Завршив дипломски и постдипломски студии по економија/финансии во Вашингтон и продолжив да работам во јавниот и приватниот сектор во САД. Во САД бев во брак со мојата прва сопруга и имам три прекрасни ќерки. Во моите триесетти години со семејството се преселив на работа во странство, и од тој момент започна мојата интернационална кариера. Работев во повеќе азиски, африкански и источно европски земји како инфраструктурен и финансиски советник, претежно на владите со низок и среден развој. Сегашната моја сопруга Габриела Хаџи-Николова Апчевка ја запознав во 2011 година, во периодот кога работно бев ангажиран на инфраструктурен проект на Косово.

Скот и Габриела денес живеат на Флорида-САД, но многу често се и во Штип-Македонија? Зошто?

Уживам кога сум во Штип. Овде луѓето се многу пријателски расположени и добредојдени, уживам во овошјето и зеленчукот кои се многу свежи и вкусни, уживам и во природните изворски води. Кога ќе дојдам во градот, прво што правам е да отидам во бања Кежовица.

Но, колку г-дин Скот знае за Македонија. Кога веќе е нејзин државјанин, се претпоставува дека повеќе учи за нашата држава или...

***Уживам кога сум во Штип. Овде луѓето се многу пријателски расположени и добредојдени, уживам во овошјето и зеленчукот кои се многу свежи и вкусни, уживам и во природните изворски води. Кога ќе дојдам во градот, прво што правам е да отидам во бања Кежовица...***

-Сакан да дознаам што повеќе за оваа прекрасна земја. Сакам да учам за историјата на земјата имајќи го во предвид нејзиното пребогато културно-историски наследство, традицијата, историските факти. На оваа тема до сега имам прочитано неколку книги. Со нетрпение очекувам да продолжам и да добијам што повеќе информации околу ова прашање-за Македонија.

Колку г-дин Скот им раскажува на своите пријатели во САД за Македонија, за Штип, за нашите луѓе?

-Мојата сопруга Габриела е најголемиот промотор на Македонија за секој што ќе сака да слуша. И јас лично, секогаш кога тоа е можно и соодветно им кажувам на луѓето за Македонија. Тука е важно да се спомене дека САД е конглломерат на луѓе од целиот свет кои се многу повеќе заинтересирани за иднината на својата земја отколку за минатото. Јас и габи имаме и многу пријатели-Македонци на Флорида.

И, дали нашиот соговорник си создаде и потесен круг на пријатели во Штип?

-Секако. Најблизок сум со мојата баба Миријана Хаџи-Николова која многу ја почитувам и искрено ја сакам како своја мајка. Повеќето од блиските пријатели и поширокото семејство што го имам преку габи во Македонија, а интересно е што имам многу блиски пријатели кои ги запознав во Јордан од каде и се пензионирав.

# Штипјанец бил претседател на Турција



На почетокот на школската 1978 година, бев четврти клас гимназија. Додека уште беше топло нѐ водеа да работни акции во околината на градот. Таа година нѐ одведоа на Исарот да ги зачистиме споменициите посветени на НОБ. Ни рекоа дека ќе дојде некој висок политичар од Турција, кој бил роден во Штип и ни покажаа како да се наредиме во редици за да го пречекаме.

Но, додека ние се местевме и го вежбавме редењето, наеднаш делегацијата на чело со високиот гостин ненајавено дојде, па додека ние некако успеавме да се наредме за да го отпоздравиме, тој ги разгледа спомениците и си замина следен од целокупното тогашно штипско, па и македонско, раководство. Подоцна разбрав дека бил роден во Штип, дека бил висок политичар од Турција и дека за време на посетата на Југославија посакал да си го види родниот град.

Таа епизода се заборави од мнозина штипјани, сѐ до неодамна кога повторно се заинтересирав за поврзаноста на овој висок турски политичар со нашиот град. Од постари штипјани кои се сеќаваа на неговата посета го дознав неговото презиме, а потоа лесно го најдов на Интернет. Се работи за **Мехмет Текин Арибурун (1903 – 1993)**.

Се родил во Штип во семејството на Хусеин Авни, кој бил мајор во турската армија за време на Првата светска војна. Хусеин Авни се родил во Битола, но во 1898 година бил прекомандуван во Штип, каде во 1903 година се родил Мехмет. Се иселиле од Македонија по Балканските војни во 1912 година, а подоцна татко му учествувал како командант во битката кај Галиполе во 1915 година, каде и загинал.

Мехмет ја продолжил семејната традиција и во 1925 година го завршил Турскиот воен колеџ, а во 1929 бил испратен во Велика Британија на воздухопловна обука. Во 1935 година дипломирал на Турската воена академија. Во 1959 година бил промовиран во армиски генерал и Главен командант на турската воена авијација. По воениот удар во 1960 тој бил принудно пензиониран од страна на воената хунта, по што ја започнал својата политичка кариера. Во 1961 година бил избран за сенатор, а од 1970 до 1977 бил Претседател на турскиот сенат. Во 1973 кратко време привремено ја извршувал и функцијата Претседател на Турција.

Тој бил полиглот и зборувал англиски, германски, француски и италијански. Во 1978 година Мехмет Текин Арибурун како висок турски политички функционер за време на посетата на Југославија, посакал да дојде и во родниот Штип. Желбата му била исполнета и тој бил пречекан со сите почести. Го посетил ридот Исар, но не успеал да се сети каде се наоѓала неговата родна куќа бидејќи уште како мал го напуштил Штип. Само се сеќавал на чешмата Коџалица, која за жал, тогаш веќе беше урната. Тој е последниот претседател на Турција роден вон територијата на денешната држава, а претходно бил командант на воената авијација на една од најмоќните армии во НАТО.

Податоци за неговиот живот, но податоци за




**Чешмата Коџалица снимена од Трајче Симоновски (Фото Трајче)**

***Мехмет Текин Арибурун (1903 – 1993) се родил во Штип во семејството на Хусеин Авни, кој бил мајор во турската армија за време на Првата светска војна. Во 1973 година накратко ја извршува функцијата претседател на Турција. Тој во 1978 година го посетил Штип, се искачил на Исарот но не можел да се сети каде била неговата родна куќа зашто при напуштањето на градот имал само три години, но се сеќавал на познатата чешма Коџалица.***

други исторски познати личности кои се родиле или престојувале во Штип, заедно со краток преглед на историјата на Штип и занимливости поврзани со Штип штипјани напишани од авторот на овој текст, од неодамна се објавени на официјалната веб страница на Општина Штип (во делот Историја), за што упатувам благодарност до градоначалникот Иван Јорданов и до секретарот Вишна Шорова Ангелова за прифаќањето на мојата иницијатива за поставување на овој текст на официјалната веб страница на Општина Штип со цел поголема промоција на богатата историја на нашиот град.

**Александар Донски**

# „Орнаменти“ – чувари на староградската македонска изворна песна

Пејачката група „Орнаменти“ од нашиот град на чиј репертоар е староградската македонска изворна песна, година одбележува убав јубилеј- 15 години од формирањето и активното присуство на домашната но и на меѓународна музичка сцена. Групата ја сочинуваат Игно Иванов, вокал и гитара, вокалистиките Нада Наџинска, Елица Режанкова и Снежана Пиперевска, Станко Коцев, хармоника и вокал и Александар – Саше Зенделов, мандолина и вокал.

-Формирани сме со идеја да ја афирмираме староградската изворна македонска песна во која посебно место имеме и за староградската песна од Штип и штипско. Финансиски никој не не поддржува, а се што





работиме е од љубов кон песната настаната на овие наши национални простори. Работиме и настапуваме петнаесет години и немаме намера во догле- дно време да престанеме зашто на посветеност на песната не мотивира и обврзува публиката пред која сме настапувале, вели Игно Иванов кој за себе вели дека е еден меѓу еднаквите во групата.

Групата е посебно благодарна на Здружението на пензионери во чии простории, последните дванаесет месеци ги одржуваат своите проби. Сите во „Орнаменти“, освен Иванов се пензионери, и поради тоа групата дејствува првоето пензионерско здружение.

-Во последните десет години сме настапувале во десеттина европски држави. Во Полска, Португалија, Хрватска, Србија, Франција, Белгија, Турција, Бугарска, Романија...Во Белгија, Турција и Хрватска, каде пеевме на познатата сплитска Рива, бевме со Еуро Арт од Штип. Насекаде бевме одлично прифатени што нам ни говори дека македонската староградска песна допира до сите сетила на оние пред кои настапуваме, посочува Иванов. Тој вели дека од местата во кои настапуваат ги препорачуваат на други градови и така тие ја шират својата музичка мисија на едни пошироки простори.

Годинава групата има настапувано на музички фестивали во Битола, Ѓевѓелија, Струмица, Радовиш, Штип и во Микрево-Бугарија.

До сега групата одржала вкупно четири самостојни концерти. Јованов вели деак во Штип најпогодна за настап е уметничката галерија „Безистен“ каде, поради нејзината акустичност не мора да се пее преку озвучување. „Орнаменти“ планираат до крајот на тековната година да организираат нов самостоен концерт во Штип.

Во 2012 година групата издаде ЦД на кое има единаесет староградски македонски песни. Ова ЦД е снимено во Домот на млади Штип. Минатата недела „Орнаменти“ имаа забележителен настап и на ТВ Алфа во емисијата „Везилка“.

Групата е благодарна на професорот Димитар Митевски зашто по записите во неговата книга „Вековни ноти“ тие ги компонираат и исполнуваат песните меѓу кои се и помалку познатите „Чешмата коначка“, „Очи има Стојне“ и други.



Пишува:
д-р Даница Фичорска,
специјалист физијатер
во пензија

# Пензионер по Конфучие

Во пензија си, каква среќа ќе ти речат пријателите. Не одиш на работа, спиеш до колку сакаш, излегуваш кога сакаш, се враќаш кога сакаш – милина. А, јас, утрата ги доживувам како слободно паѓање во просторот. Никаде не брзаш, никому не му требаш, можеш денот и да го преспиеш.

Но, не е така.

Ова утро само што ги отворив очите ѕвони телефонот.

- Еј, другарче, ќе пиеме ли кафе, нешто рано се разбудив?

- Дојди, да се облечам – одговарам неволно на мојот комшија Зоки, кој целиот живот го поминал како ѕидар и е научен да станува рано.

Се облекувам, доаѓа Зоки и денот може да почне.

Разговараме за настаните во градот, за комшиите, но за Зоки е најважно ставањето на расол за зимница, која е негов специјалитет и тајните за убаво стасаната зелка за Нова година.

Го слушам телефонот.- Ало, оџачарот!

- Повели Ибро!

- Доаѓаме за половина час.

- Добро – одговарам.

Зоки неволно си заминува.

Доаѓаат двајца оџачари. Еден од нив се качува на врвот на куќата, а другиот ги зеде буриите и ги разнесе низ две-три соби за да ги однесе надвор. Погледнав, а по него тајфун од црни саги летаат на сите страни. Брзо се стрчав да го сопрам, а тој се смее.

- Ајде ти си пензионер, ќе избришеш после нас, имаш време на претек.“Кој вели дека оџачар е среќа”

– си мислам додека бришам после нив и го слушам по трети пат телефонот.

Вие сте госпожа? – слушам литературен македонски глас на слушалката.

Повелете, Ве молам.

Јас сум од издавачката куќа Полица и Ви се јавува дека ракописот кој го испративте не е готов.

Кога ќе биде?

По Нова година.

Ох, јас едвај го чекам.

Ти си пензионер имаш време ќе биде.

Господе, како да сум ставена на листа на чекање. Имам време и спокојно ги редам подготвените пиперки за зимница во неколку тегли. Седам на маса и со љубов ги редам да ги израдувам децата. Пиперките се црвени, ама сакам да се гледа малку и зелен магдонос, бело лукче, зрнца црн пипер и по некој ловоров лист.

Што мириса на лук? – вика Ана од вратата – Кој ова ќе ти го јаде?

Зошто прашуваш? Многу се вкусни во зима. – и велам.

Собирај го тоа, пензионер си и не знаеш што со времето!

Полека ги собирам теглите и ги ставам на полица високо да не се гледаат.

Веќе доаѓа време за на пазар. Влегувам во прекрасна продавница и си частам душа со пакетче смрзнати капини и неколку портокали. “Имам време, утре пак ќе дојдам”

Кога дојдов до вратата, продавачката трча по мене.

- Госпожа, си го заборавивте бастунот!

- Ти благодарам, ама не носам бастун.

И, најпосле стигнувам дома. Веќе е крај на денот. Дома се моите деца. Ми приоѓа Ана.

- Тука се моите другарки, немој да си рекла нешто.

Пензионер сум, стара сум, ама зарем се враќам назад во животот. Зарем треба да ми кажат што треба да речам и кога треба да молчам, за да не кажам нешто што ќе ги засрами. Безвредност ми ја преплавува душата.

Длабоко во ноќта ми врви целиот ден во мислите. Најсреќна ме направи разговорот со Зоки за расолницата и тајната за нејзината убава приготовка.

Па, видете сега колку е добро да си пензионер. Кога главно мото ти е само да се придржуваш за постулатите на Конфучие.

“Отвори очи, затвори уста ќути и гледај ”

Да, ова важи за сите пензионери. Што има младите да слушаат како било во наше време и во право се.

Да дозволиме да дојде и нивното време!



# МИНОВ: Признанието од градот за Ателје Колорис АМ го примив еуфорично!

**❍Ателје Колорис АМ сопственост на уметникот Боре Минов, е добитник на Осмоноемврискoто признание за посебен придонес за градот на полето на уметноста...**

Уметноста е жива и развиена во нашиот Штип, а голем придонес на ова поле дава Ателје Колорис АМ произлезено од иновативноста на ликовниот уметник Боре Минов сои кого разговарам за наградата и за уметноста воопшто.

-Не сакам да бидам лажно скромен и јавно ќе речам дека признанието кое го доделува градот по повод Денот на ослободувањето го примив еуфорично! Да ја вреднува и признае твојата работа,средината во која живееш е убаво чувство кое мотивира да го продолжиш и издржиш патувањето.Кога им ја пренесов веста на моите возрасни колористи,се случија спонтани насмевки,прегратки,честитки и на крајот здравица, со чувство на гордост, важност и достоинство. Да, јас сум иницијаторот за постоењето на ателјето, но без мојот тим (во моментов Ана,предходно Анастасија, Ристе, Сара), без моите колористи, мали и големи, и нивната чиста,искрена љубов спрема се она што го правиме,не би имало ваков успех, вели Минов и додава:

„Ателје Колорис АМ постои повеќе од пет години,а исто толку и работилниците по цртање и сликање за деца и за возрасни. Почетната идеја беше точно ова што се случува денес во нашето ателје, продажна галерија за уметнички слики и сликарски материја, врамување на уметнички слики и курсеви по цртање и сликање за деца и возрасни.Почетната идеја беше поскромна од денешното постигнување и интерес, од што јас сум позитивно изненаден.Нашите работилници ги посетуваат деца кои веке пет години,во континуитет доаѓаат кај нас,тоа кажува доста.Денес броиме околу седумдесет-осумдесет членови,и навистина сметам дека тоа е сериозна бројка од луѓе,па затоа и мојот пристап кон работата со нив е максимално посветен и искрен“.

Го прашуваме Боре која е основната функција на неговото ателје?

Тоа е е приближување на ликовната култура до сите пори на нашето општество, посебно во ова време на брз живот, целофан понуда, и купишта дезинформации и замајувања преку новите технолошки инструменти за перење на мозоци,мислам дека од голема важност е да наоѓаме начини да стигнеме до мали островчиња,каде барем момент ќе ја освежиме душата и мислата. Судејки по атмосферата која владее за време на нашате работилници,мислам дека успеавме во почетната намера, вели Минов.

Во Ателје Колорис АМ за овие пет години поминале повеќе од триста членови, деца и возрасни. Детските групи се на возраст од пет до четиринаесет ,а возрасните од петнаесет до седумдесет и седум години. Што се однесува до талентот, дарбата, нив дефинитивно ги има кај дел од посетителите, посебно децата, но тоа не е доволно. Успехот во ликовната уметност зависи од посветеноста, фокусот, упорноста, дисциплината, Боре Минов.

Боре Минов до сега има десет самостојни изложби и тоа во Македонија, Хрватска, Германија, Швајцарија и повеке групни изложби во Македонија и надвор од неа.Учесник е на повеќе ликовни колонии во Македонија,Хрватска,Србија.

„Минатата година,заедно со винарија Имако Вино, направивме работилница од која сликите ги донираме во добротворни цели.Оваа година во соработка со конфекцијата Вера Монд и нивниот бренд,женска кошула СЕРБЕЗ,нашите возрасни колористи сликаа и цртаа на нивните модели,кои после тоа беа прикажани на модната ревија Реинкарнација,која ја организираше Општина Штип во нашиот град,за која мислам дека беше организирана на светско ниво. Продолжуваме, затоа што Штип секогаш ја сакал и почитувал ликовната уметност“, коментира Минов.



# Каков парк ќе добие Штип во 2025 година?

Една од најголемите потреби на секој урбанистички добро конципиран град се и парковите површини во него. Штип во својата понова историја градел и уредувал помали, тнр. „маалски" паркови од кои дел се во добра состојба, а дел се запустени. По претворањето на излетничкото место Суитлак во викенд населба, Штип остана без парк од формат и големина која градот, како регионален стопански, културен, универзитетски, образовен и секаков друг центар треба да го има. Збор е за голем парк со бројни и разновидни содржини кој ќе биде привлечен за сите возрасти од пионери до пензионери.



Таа потреба веќе е во фаза на реализација. Актуелното општинско раководство ја отвори идејата и ја започна реализацијата на голем еколошки градски парк кој ќе се протега на површина од 70.000 метри квадратни.



Паркот ќе се гради на локација во близина на рени бунарите, и во близина на мостот Актива на реката Брегалница.

-Ги следиме реалните потреби на граѓаните, со реализација на овој проект и изградбата на булеварот "Партизанска" ќе се промени ликот на овој дел од градот кој во минатото беше доста небезбеден, руиниран, неосветлен. Всушност, како потреба на граѓаните из-



разена низ разговорите со нив, решивме да инвестираме во ЕКО Парк кој заедно со пешачката патека ќе претставува едно место одмор, релаксација, спорт и рекреации на нашите сограѓани, изјави за Штипски Глас градоначалникот Иван Јорданов.

Според првиот човек на градот пресметките од страна на стручните лица, откако беше утврден точно потегот на овој парк, покажале дека еко паркот ќе се протега на површина од 70.000 метри квадратни и ќе биде еден од најголемите и најубавите во регионот.

-За влез во паркот ќе овозможиме достапност од повеќе страни со цел да биде лесно достапен за сите граѓани. Предвидено е еко паркот да има повеќе содржини. Ќе се постави урбана опрема,украсни елементи, предвидено е да има мини езерце,како и повеќе видови на дрвја и



садници, клупи за одмор, појаснува градоначалникот Јорданов.

Грижата за паркот ќе биде одговорност на двете јавни претпријатија. За урбаната опрема ќе се грижи ЈП Стипион додека за зеленилото и хигиената задолжен ќе биде ЈП Исар. Се работи за капитален проект кој ќе биде финансиран од буџетот на Општина Штип во износ од околу еден милион евра, а согласно проекциите се планира истиот да биде завршен во првата половина од наредната година и на еден свечен начин да им биде предаден на граѓаните на Штип.

Поради својот карактер најпознат парк на светот е Хајд Парк во Лондон кој се протега на површина поголема од 230.000 метри квадратни. Посебноста на овој парк е и тоа што тој е осмислен и како една голема, отворена демократка јавна говорница на која секој кој има нешто да каже на било која тема добива прилика да го направи тоа. Притоа можат слободно да се критикуваат властите, кралот и кралицата, градската управа на Лондон или да се пофалат институции и поедини носители на функции за нешто добро што напра-

***Еколошкиот парк ќе биде со површина од 70.000 метри квадратни, проектот е на штипското Студио Атриум, во паркот ќе има мало езерце и повеќр содржини привлечни за сите возрасти од пионер до пензионер, а во неговата изградба ќе бидат инвестирани 1.000.000 евра, пари од локалниот општински буџет. Планирано е паркот да биде предаден на граѓаните кон средината на 2025 година.***

виле. Такви паркови по урнек на лондонскиот има и во поголем број светски метрополи. Со оглед на големината на штипскиот еко парк се размислува и Штип, во



рамките на еко паркот, да добие свое парче кое ќе ја има функцијата на штипски Хајд Парк.

Проектот е дело на штипското Студио Атриум.


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna

# Доживувањата во секојдневниот живот се инспирација за секој автор

**За своето творештво за Штипски Глас зборува поетот Благој Самоников, роден во Штип 1942 година.**

**Самоников, кажете ни нешто за Вашето детство. Што, како дете, сонувавте да бидете во животот?**

Што сонував? Децата сонуваат 300 работи. Јас сонував да играм со децата, да се дружам. Во тоа време немаше многу за сонување, немав точно определено што да бидам. Не сум мечтаел и не сум знаел за што да мечтаам, бидејќи тогаш сè беше ограничено.

**Кои писатели во раното детство ја уживаа Вашата доверба? Кои литературни дела би им препорачале на денешните деца?**

Генерално им ги препорачувам делата за лектира, бидејќи јас завршив компаративна книжевност, бидејќи таму се опфаќаат светски писатели што за детската возраст не се препорачливи зашто тоа е поетска филозофија, филозофија преточена во поезија. Пример е песната од Шопов… „Ако носиш нешто неизречено, нешто што те притиска и пече, закопај го во длабока тишина, тишината сама ќе го рече."

**Кога го напишавте прво литературно дело а кога ја објавивте првата книга?**

Првата песна ја напишав како студент читајќи поезија од многубројни автори и тие мои писанија грижливо ги чував до крајот на студиите, и кога дојдов во Штип по дипломирањето ги надополнив и ги објавив во мојата прва книга насловена како „Големиот град" 1982 год.

**Во што наоѓате инспирација кога пишувате? Како се одвива вашиот процес на пишување и творење? Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?**

Инспирација за секој автор претставува она што тој го живее и доживува во секојдневниот живот. Но, секојдневието нуди само голи доживувања, а писателот од тие доживувања извлекува би рекол филозофски размисли за нештата што го возбудуваат или кон кои се стреми. Процесот на пишување се создава пред самиот чин на конкретното пишување носејќи ја во себе идејата за делото што потоа неминовно ја доживува својата уметничка трансформација. Морам да кажам дека поезијата условно речено се пишува, песната во еден здив, додека прозните дела (за кои имам искуство од моите книги) се пишуваат со поголема размисла за развој на основната идеја која со текот на пишувањето се самиот крај на прозните дела (раскази и драми) и самиот автор ги доживува како изненадување.



**На кои книжевни дела често се враќате? Што читате во моментов?**

Прво морам да кажам дека од првите книги купени како студент, па до условно кажано последната книга купена во Скопје или во Штип, ги читав и подвлекував со пенкало она што ми претставуваше посебен интерес од книгата во склад со основната идеја на авторот. Не е нескромно ако кажам дека имам мала библиотека во таканаречената моја соба во станот и сега посебно љубопитство ми претставува кога гледам во книгите кои мисли, или идеи на авторот сум ги подвлекувал за време на моето прво читање, така што можам слободно да кажам дека за следните години во мојот обичен човечки живот никогаш нема да останам без книги за читање.

**Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Во овие мои години (82) слободно можам да кажам дека најважно е здравјето, бидејќи сето друго можеш сам да го надополнуваш со сè што за тебе претставува некаков предизвик. Тука ќе го цитирам грчкиот филозоф Пиндар кој вели „О душо моја кон бесмртниот живот ти не тежнеј, туку полето на возможното ти го остварувај".

**Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Според моето искуство во пишувањето морам да кажам дека покрај талентот, или дарбата што ја имаш за пишување неопходно е големо надоградување на тие природни дарби со читање, читање и читање што може да резултира со некакви авторски резултати.

**Пишуваат: библиотекар Тодор Џидров и Библиотекар м-р Јована Рилак**



**Пишува:**
**М-р Трајче КАЦАРОВ, писател**

# 8 НОЕМВРИ

Во детските тинејџерските години, мислам дека секогаш за 8 Ноември, Празникот на градот, времето беже дождливо. Градот не беше доволно осветлен. Мокрите улици го отежнуваа, поготово во предвечерјето на Празникот, движењето на луѓето и на автомобилите. Тоа не спречуваше да се одвива празничната програма. Не го спречуваше празничното расположение на граѓаните. Немаше национално свесен на кого не ќе му затрепереше срцето кога на бандерите наредени долж улиците ќе видеше како се вее црвеното знаме покрај тробојката на ЈУ државата.

❑❑❑❑

Прозорецот од мојата детска соба, како и оние на дневната и на спалната, беа свртени кон плоштадот „Слобода“. Рано наутро на 8 Ноември, единица од Територијалната одбрана симулираа напад на градот и негово ослободување од фашистичката окупација. Не будеа истрелите од пушките и рафалите на митралезите. Металните тонови на огнените оружја доаѓаа од покривот на воената зграда. Така ја нарекувавме зашто во повеќето станови беа вселени припадници на ЈНА. Истрелите прво го будеа тато. Тој, пак ја будеше мама: „Станувај Данче, зарем не слушаш, го ослободуваат градот!“ Мама скокаше од креветот како да беше добила покана за мобилизација. Застануваа на прозорецот зад передето и гледаа во насока од каде доаѓаа истрелите. Мојата детска фантазија, која не ме оставаше мирен ниту во тинејџерските години, ноќите ми ги правеше помрачни од самите себе. Се плашев да ја затворам вратата од детската соба. Спиев со отвирена врата.Но, не во предвечерјето на 8 Ноември. Верував во партизанските единици. Верував дека тие се смрт за секе ропство, па и за ноќното. Застанував покрај мама и тато и гледав во насока во која гледаа и тие. Сестра ми, помала од мене, имаше тврд сон. Мама велеше дека неа не можат со топовски истрели да ја разбудат. Не и' замерувавме оти не учествуваше во ослободувањето на градот.

❑❑❑❑

Кога пукотниците ќе завршеа, ќе настапеше слободата, тато и се обраќаше на мама: „Ајде сега да прославиве. Свари кафе!“ „За тебе какао ли?“ – ќе ме прашаше мама. Потврдно ќе климнев со главата. Седнати на масата, пиејќи го кафето, јас какаото, тато ќе речеше: „Колку што се сеќавам, ниту еднаш не им се погоди времето,. Само дожд и студ.“ „Нема друга цена слободата“ му реплицираше мама.

❑❑❑❑

Во тие утра мислев дека го имаме најслободниот плоштад на светот. На трите јарболи кои беа сместени на влезот откај реката Отиња, поточно, откај „Каменик мост“ се вееше знамето на Република Македонија, на СФРЈ и знамето на партијата. Со нив како да се вееше нашата гордост, нашиот покажан среден прст, кон сите оние што се обидуваа да го негират нашето постоење, нашиот идентитет. На 8. Ноември беше гордост да си Македонец.

❑❑❑❑

Програмата за прослава на Празникот на градот изобилуваше со содржини од градското живеење. Како повеќето граѓани, не сите содржини ги следевме со особен интерес.

❑❑❑❑

И таа вечер врнеше. Дождот педантно ги беше поплочил улиците на кои се одржуваше ноќната трка. Сестра ми учествуваше во трката за јуниорки. Го освои второто место. Како награда доби диплома и ѕиден часовник. Мама, веднаш, ја стокми дипломата на сигурно - во фиоката каде ги чуваше сите изводи од матичната книга на родените, личните карти, посмртницата на дедо и дипломите од школите на тато. Ѕидниот часовник не почувствува ѕид од задната страна.

❑❑❑❑

Во годините кога Културно приосветната заедница ја пееше лебедовата песна на културната сцена, како организатор на „Штипското културно лето“ ја доби Осмоноембриската награда. Петнаесетина години по тоа, за романот „Татко и Отец, и јас лично ја добив Осмоноевриската награда.

❑❑❑❑

**Откако станавме Северна, а и десетици години пред тоа, дождот и студот го напуштија Празникот на градот - 8 Ноември. Го напуштија за да се преселат во нас граѓаните.**



**Пишува:**
**Роберт Аџипетров**

# Дигитална ера: Како технологијата го менува учењето?

Живееме во време кога технологијата е неразделен дел од нашето секојдневие. Од паметни телефони и таблети до онлајн платформи и вештачка интелигенција – дигиталната ера го менува секој аспект на нашите животи, вклучително и образованието. Генералното мислење е дека технологијата го олеснува животот, но како овие промени влијаат на учениците?

Во минатото, учењето беше ограничено на училници, книги и предавања. Традиционалната настава познава креда и табла и информации кои ги содржат хартиените учебници. Денес, дигиталната технологија овмозможува, со само неколку кликови, учениците да имаат пристап до огромен број информации и ресурси преку интернет. Таблите денес се дигитални, исто како и информациите, а платформи како Zoom и Teams им овозможуваат на учениците не само да учат на далечина, туку и да го прилагодат своето учење на својот ритам. Технологијата во голема мера го спаси образованието во периодот на Covid-19 пандемијата, овозможувајќи наставата да продолжи во услови на кризи.

Технологијата овозможува и персонализирано учење. Дигиталните алатки и апликации им олеснуваат и на наставниците, кои денес можат да создадат планови кои се приспособени на индивидуалните потреби и интереси на учениците. Ова не само што го подобрува нивното разбирање на материјалот, туку ги прави и поангажирани во процесот на учење.

Сепак, не е сè така едноставно. Иако технологијата отвора многу врати, таа носи и свои предизвици. Еден од најголемите проблеми е дигиталниот јаз – не сите ученици имаат еднаков пристап до уреди и интернет. Оваа нееднаквост создава разлики во можностите за учење, особено во руралните и социо-економски помалку развиени средини. Технологијата често се злоупотребува, го одвлекува вниманието и негативно влијае на концентрацијата на учениците. Дополнително, користењето на дигитални алатки може да доведе до намалување на интеракциите „лице в лице“, што е клучно за социјалниот и емоционалниот развој на младите. Зависноста од технологија може да ги лиши учениците од традиционалните методи на комуникација и тимска работа, што може да има долгорочни последици.

Во Општина Штип, инвестициите во технологија во училиштата се постојани. Смарт табли се дел од речиси секоја училница, а реалност се и роботите, 3D принтерите како и останати дигитални алатки и апликации. Дополнителни инвестиции во ова поле се неопходни, а приоритет мора да биде поставување на STEM лаборатории во нашите училишта. Ваквите лаборатории не само што ќе ги инспирираат учениците кон науката, технологијата, инженерството и математиката, туку ќе го подготват образовниот систем за идни предизвици. Инвестициите во овој дел ќе и дадат предност на нашите ученици, а стекнатите знаења во иднина ќе гарантираат напредок на целото општество. Сумирајќи го наведеното може да констатираме дека дигиталната ера има сериозно влијание врз образованието, но потребно е балансирање. Технологијата не треба да ја замени традиционалната настава, туку да ја надополни и подобри. Наставниците треба да бидат обучени како правилно да ја користат технологијата во училницата, за да ги извлечат најдобрите резултати од своите ученици. Истовремено, родителите и наставниците треба да внимаваат на времето кое децата го поминуваат пред екрани, со цел да се избегнат негативни ефекти.

Со правилна употреба, технологијата може да го трансформира образованието и да им даде на учениците можност за развој на вештини. Следниот голем чекор за Општина Штип е да се насочи создавање на STEM лаборатории, затоа што нашите ученици го заслужуваат најдоброто!

**(Авторот е в.д. директор на педагошката служба при Министерство за образование и наука)**



## М-р Радмила ЈОВАНОВА, девојка која преку планинските трки си ја тестира физичката и менталната состојба

# Преку планинските трки се запознавам со толку многу нови места, фасцинирана сум од тоа какви богатства кријат нашите планини




Радмила Јованова е магистер по економски науки, а работи во НЛБ банка, на позицијата Регионален директор за корпоративни клиенти, за регион Исток. Неа можете да ја видите на социјалните мрежи од разни домашни и меѓународни планински трки. Со Јованова разговараме за нејзината страст со која се промовира активниот животен стил.

**-Радмила, што е тоа што ве привлече кон трчањето?**

Јас и трчањето „сме заедно" уште од многу одамна. Моите први почетоци во атлетиката се уште од најрана возраст. Во основно уличиште бев присутна на сите училишни спортски настани поврзани со трчањето и уште тогаш увидов дека тоа е нешто за кое имам и енергија и желба, така што во средно училиште почнав и да тренирам атлетика, во тогашниот атлетски клуб АК Брегалница. Тренирав активно околу 5 години, бев и првак на Македонија во дисциплината 100 м во јуниорка конкуренција, но за жал, поради некои повреди морав да се откажам. Дури после долги години, повторно се вратив на трчањето, но со поголем фокус на планинското трчање, бидејќи увидов дека тоа е нешто кон кое најмногу имам пасија, страст и желба. Планинското трчање ми прави спој на работите кои најмногу ги сакам, а тоа се природата, планините и трчањето.

**Дали сте член на некој атлетски клуб?**

-Член сум на Здружението ТРЕКС – Trail running extreme, здружение кое се занимава со промоција на активен животен стил, развој на авантуристичките спортови и спортовите во природа, и е организатор на најголем број на планински трки во Македонија. Покрај во ТРЕКС, член сум и на Здружението Фит Џим Кико, кое организира кросфит часови, каде всушност правам надополнување на моите тренинзи со сила и издржливост.

**На колку трки годишно учествувате, и кажете ни нешто за нивните специфики.**

Годишно учествувам на десеттина трки, од кои поголемиот дел се планински, а помалку на градски рамни трки. Всушност, на градски рамни трки учествувам само за забава и кога сум дел од некој тим и обично тоа се пократи трки од околу 5 и 10 километри. Планинските трки се обично на подолги дистанци, тоа се ултра трки, каде покрај должината на трката, има и друга важна компонента по која се одредува тежината на самата трка, а тоа е висинско искачување кое треба да се совлада/искачи и каков е всушност самиот терен каде се трча. Дали е тоа технички предел со многу препреки, камења, карпи, дали е тоа мака патека, на која надморска височина е итн. На овие трки, особено на тие со подолги должини се тестира не само физичката, туку и менталната подготвеност на тркачите. Најголемата дистанца на која сум се натпреварувала е 167км со 7000 метри висинско искачување. Оваа трка е една од најстарите планински ултра трки во Европа, се вика „Virgin Ultra Forest Run", се одржува во Грција, а се трча низ планинскиот масив Родопи. Овде го освоив второто место во женска конкуренција, со време од 30 часа и 38 минути.

**Кои трки ви се најомилени во Македонија?**

Нашата држава е полна со преубави планински предели и пејсажи за кои не сме ни свесни дека ги имаме. Преку планинските трки се запознавам со толку многу нови места, фасцинирана сум од тоа какви богатства кријат нашите планини. Ако морам да издвојам, најомилена наша трка ми е Охрид Ултра, која се оджува секоја година, обично во мај организирана е од здружението во кое сум член, ТРЕКС. Оваа трка има рзлични дистанци, 20км, 40км, 60км и 100км, се трча на планината Галичица и околу Охридското Езеро и нуди извонредни погледи и гледки, така што дури трчате уживате во убавините на нашиот Охрид и Охридското Езеро.Инаку, за мене трчањето е извор на животот.

**Кога човек гледа фотографии од вакви трки понекогаш како да гледа некоја модна спортска ревија...**

Се согласувам со вас во поглед на ова прашање. Спортска мода е навистина „скапа мода", особено во Македонија и понекогаш претставува луксуз за да може да си ја дозволите. Од друга страна, пак, како што и погоре споменав, изборот на облека и обувки се многу важен

елемент не само за време за самата трка, туку и за секојдневните тренинзи, не за да сте во тек со последните модни трендови, туку за да истите ви помогнат подобро да се чувствувате, а и да превенирате повреди. Можеби за кратки трки кои траат еден час изборот на материјал и не е многу важен, но за трки кои траат 24 часа па и повеќе, важно е како ќе се чувствувате, да немате триење на материјалот со кожата, да немате плуски на стапалата од лош избор на патики или ако подолго време трчате по мокар терен...

**Што е важно да се има од спортска облека за да се оствари целта?**

Дефинитивно спортската облека е многу важен момент во самата трка, и од неа зависат многу работи, таа може да ви го подобри вашиот перформанс, но може и да ви ја уништи целата трка. Ова особено зборувам за долгите трки, каде е многу важно да имате соодветна облека приспособена на временските услови, која му овозможува на вашето тело да „дише" за време на трчањето. Најважен дел од целата облека се обувките, кои мора да одговараат на теренот на кој се трча, како и на должината и динамиката на трката, бидејќи лош избор или несоодветен извор на патики може да предизвика сериозни повреди. На трките задолжително носиме и ранец специјално наменет за планинско трчање, со минимум 1 литро вода, водоотпорна облека со посебни спецификации, понекогаш стапчиња за асистенција при трчање на потежок

***Преку планинското трчање и организација на планинските трки, не само што се поттикнува здрав начин на живот, се промовира потенцијалот на земјите, нивното културно-историското наследство, се поттикнува моралното и етичко однесување на самиот трчач, ферплејот, почитта кон другите, солидарноста, почитта кон природата и планината...***

терен итн. Сите поголеми трки, имаат по неколку контролни пунктови/освежителни станици, кои обично се распоредени на секои 20км растојание, каде има храна, напитоци, на некои и екипи за прва помош.

**На колку меѓународни трки имате учествувано, кои ви се остварувањата?**

Годишно учествувам на неколку меѓународни трки. Мојот прв настап на меѓународна трка беше на Доломитите во Италија, каде истрчав 80км со 4.600м висинско искачување. Како поголемо достигнување на интернационална трка го сметам освоеното второ место во женска конкуренција, на трката Вирџин Форест Треил на Родопите, каде истрчав 162км со 7000 метри искачување, за 30 часа и 38 минути.

Целта на оваа трка ја поминав држејќи во раце две дечиња на мои блиски пријатели, кои дојдоа од Штип за да ме пречекаат и бодрат на финишот и тоа чувство беше преубаво, полно со емоции. Не чувствував умор, поспаност, никаква физичка болка. Чудно е како убавите моменти ги надвладуваат сите препреки во тој момент. Знаев дека мојата фамилија и сите мои блиски ме следат тие два дена додека трчав и беа под стрес заедно со мене, и многу ми беше драго што се` заврши добро, а освојувањето на второто место беше гратис.

**Мислам дека во поголем број случаи се потребни и добри финансиски средства за да учествува, кој ги сноси трошоците?**

За да се учествува на некоја интернационална трка се потребни мин 500 евра, што вклучува котизација, патни трошоци и трошоци за сместување. Овде не се вклучени трошоците за опрема, суплементација, претходни подготовки итн. Во најголем дел од ситуациите ние самите се финансираме, поретко имаме помош од друго, надворешни извори на финансирање.

**Колку ви е важна социјалната димензија, дали создавате трајни пријателства со учесници од други градови па и од други држави?**

Преку планинското трчање и организација на планинските трки, не само што се поттикнува здрав начин на живот, се промовира потенцијалот на земјите, нивното културно-историското наследство, туку се поттикнува и моралното и етичко однесување на самиот трчач, ферплеј, почит кон другите, солидарност, почит кон природата и планината. Покрај ова, се запознаваме со луѓе од разни краеви од светот, а со некои од нив создаваме пријателства кои ќе траат, се надевам засекогаш.

**Колку кај штипјани е прифатена оваа „мода" за трчање во природа?**

Многу ми е драго што бројот на луѓе кои трчаат во Штип, не само во планина, туку и воопшто, постојано расте и се зголемува. Ние во Штип имаме и заедничка група на социјалните мрежи во која членуваат поголем дел од



луѓето кои трчаат од градов, се организираат често некои локални настани за трчање, понекогаш правиме заеднички тренинзи итн. Навистина се радувам што е тоа така и сакам колку што можам повеќе, да го промовирам овој спорт, да споделувам искуства со другите луѓе и заеднички да креираме здрави навики.

**Како ги надминувате кризите кои неминовно се јавуваат во текот на трчањето?**

Секогаш кога одам на некоја поголема трка, нештото на кое најмногу се фокусирам е состојбата на умот. Многу е важно, барем за мене, да имам смирен ум и убава енергија, и пред трката и за време на трката - тоа ми помага да ги совладам најголемиот дел од придизвиците. Ќе ви кажам еден опример:

На трката во Грција, се соочив со неколку препреки кои ја тестираа пред се` мојата ментална, а потоа и физичката подготвеност. Уште на 40-от км почувствував болки во стапалата што мислам дека е поради лош избор на патики со кои стартував, но за среќа, на 60-от км, каде беше првата поголема контролна станица, ги сменив патиките и продолжив. На 60-от км, се соочив со вториот предизвик, а тоа беше како ќе ја поминам ноќта трчајќи сама во планина со оглед дека Родопите и пределот каде што трчавме е „богат" особено со мечки и други диви животни, а веќе почнуваше да паѓа мрак, и мислам дека ова беше пресуден момент за тоа дали и како ќе продолжам понатаму.

Околу 4 часот наутро кога веќе повеќе од 20 часа активно трчав, за првпат на трката почуствував голема поспаност. Колку и да звучи невистински, трчав и спиев со полузатворени очи околу 3 кlометри. За среќа, следната контролна станица беше на околу следни 3 километри, каде што земав кафе, супа, и веднаш продолжив.

# Тони Лазаров добитник на високото европско признание „Златни патеки“ за развој на атлетиката

Тони Лазаров, претседател на атлетскиот клуб „Брегалница“- Штип и член на Извшниот одбор на Атлетската федерација на Македонија е добитник на високото признание на Атлетската федерација на Европа, признанието „Златни патеки“. Ова признание на нашиот сограѓанин му беше доделено на свеченоста одржана во Скопје, во Македонската опера и балет, на која беа доделени и признанијата за најдобрите европски атлетичари во тековната 2024 година.

-Меѓу атлетски работници од педесет европски земји признанието „Златни патеки“ ми беше доделено мене и на моја колешка од Унгарија. Признанието кое го добив е за развој и афирмација на атлетиката во нашата држава, за напорот кој го правиме атлетиката во Македонија одново да биде поставена на здрава основа вели Лазаров.

За големината на настанот зборува и фактот дека на истиот присуствуваше и легендарниот британски атлетичар Себастијан Коу, претседател на светската атлетска федерација, кој пред три децении беше и член на Британскиот парламент од Конзервативната партија. Покрај него, на настанот присуствуваше и Санда Перковиќ од Хрватска, повеќекратна светска, европска и олимписка победничка во дисциплина фрлање кладиво.

***Тони Лазаров е само едне од двајцата добитници на високото признание „Златни патеки“ на Европската атлетска федерација за допринос во развојот на атлетиката, а во конкуренција на атлетски работници од 50 европски држави. На настанот присуствуваше и легендарниот атлетичар Себастијан Коу, претседател на Светската атлетска федерација.***

-Македонија на олимпијадата во Париз имаше свој претставник во атлетиката, а тоа е маратонецот Дарио Ивановски, кој во Париз отиде откако претходно ја исполни нормата. Покрај ова, Европската атлетска федерација го цени фактот дека во повеќе градови во нашата држава започна да се работи посериозно на развојот на атлетиката. Атлетиката е базичен спорт, мајка на сите спортови, Македонија има атлетски патеки само во Скопје и во Охрид, и една помала во Велес, но сега работите тргнуваат во една позитивна насока па во повеќе наши градови (ќе) се работи на создавање услови за развој на овој спорт, потенцира Тони Лазаров.



**Тони Лазаров со Себастијан Коу (десно)**

За Штип тој вели дека за атлетиката е лошо тоа што со реконструкцијата на објектите на Градскиот стадион на атлетскиот клуб му се земени просториите кои ги имал со децении, а атлетската патека е скратена од шест на четири патеки за трчање, па денес атлетичарите на АК Брегалница немаат пристојни услови за тренинг.

-За обезбедување услови за развој на атлетиката разговаравме со градоначалникот Иван Јорданов. Тој даде надеж дека локалната власт ќе работи на обезбедување услови за овој спорт, и јас верувам дека пред атлетиката во нашиот град престојат подобри времиња. Атлетиката не е само трчање, таа опфака и скок во далечина, во височина, троскок, фрлање ѓуле, кладиво, диск...Кога ќе создадеме поповолни услови сигурен сум дека Штип одново ќе си го врати приматот на Град на атлетиката, а добрите услови ќе привлечат поголем број деца и млади да се зачленат во клубот па еден убав ден и Штип може да даде државен, Балкански или Европски шампион, укажува Лазаров.

Првиот човек на АК „Брегалница“ смета дека просторот кај бања Кежовица е погоден за создавање Центар за атлетика. Јас сум подготвен со своето знаење и искуство во овој спорт да помогнам на секој начин, зашто сметам дека благодарејќи на градот и на клубот го добив ова високо европско признание, евли Тони Лазаров.

Трпана се пораѓа во болница, вика од се и му ја стега раката на Трпе. Трпе загрижен и вика:
– Трпано, љубов моја, многу ми е жал што мора ова да го трпиш!
А Трпана му враќа:
– Ма уживај ајде, не си ти крив!

Во Кавадарци…
– Извини каде се продава ракија ?
– Црквата ја гледаш ли ?
– Да
– Епа сегде освен во неа!

Трпе ги собрал жена му, комшивката и швалерката и им вика:
– Жени, криза е, ќе има отпуштања!

Влегува полицаец во библиотека и библиотекарката му вика:
– Почна да врне, а?

– Трпе, што ќе ми подариш за 8-март?
– Ништо.
– Можеш да ми кажеш дека сум убава…
– Е тоа за 1-ви април Трпано!

– Трпано, дојди тука да прашам нешто.
– Кажи Трпе?
– Кога комшијата си купи нова кола, ти ме натера и ние да си купиме. Кога комшијата си зеде телевизор, ме натера и ние да си купиме. Кажи ми сега што правиме?
– Зошто? Што направи пак тој сега?
– Е па си една нова жена…

Трпана лута му се дере на Трпе:
– Ѓубре едно! Си спиел со сестра ми!
– Ама не е така, се збунив ве помешав…
– Па како успеа бе? Јас сум црнаокоса а таа е русокоса?
– Ама презимето ви е исто.

Разговараат Мујо и Хасо и Хасо вели:
-Денес бев на базен и за пола саат ме избркаа од базенот!
-А зошто? - прашува Мујо.
-Мочав во базенот.
-Па што има врска, сите мочаат во базенот.
-Абе и јас им го реков истото ама тие ми рекоа:
- Сите мочаат во базен, ама никој од скокална.



# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

Синот на наш политичар го прашува својот татко:
Тате, ќе дадeлиш ли некој денар?
„Некои прашања не заслужуваат одговор сине“, рече такото политичар и прекина со секаква дискусија.

..................................................................

Во нашето општество човек може да има многу пари или многу пријатели.
Двете во исто време не може да ги има.

..................................................................

Sверовите ги праќаат мирните луѓе во војна, кои на боиштата стануваат sверови
Sверовите кои ги пратиле мирните луѓе во војна мирно си уживаат во своите животи.

..................................................................

Ако секој квалитетно си го заврши својот дел од работата
Македонија сигурно ќе ја биде.

..................................................................

Изборите се бизнис,
„Вашиот глас е највредната стока“, гласеше еден изборен слоган.
Тоа се покажа како точно, ама само за избраните.
Видете само какви богатства направија тие од вашиот бесценет глас.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | 2 | |
| | 2 | | | | | 5 | | |
| | | 7 | | | 3 | 4 | | |
| 2 | | | 1 | | | 3 | 4 | |
| 6 | 4 | | | 8 | | | 5 | 9 |
| | 9 | 5 | | | 2 | | | 1 |
| | | 3 | 4 | | | 8 | | |
| | | 9 | | | | | 1 | |
| | 1 | | | | | | | |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 12.11.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани, ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски


совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | Америк. артист | Раздел. збор со друг | Река во Нигерија | Машко име нагалено | Киселост | Мрежа за коса | Објави прогласи (тур.) |
| | | | | | | Корисни. на стан | | | | | | | |
| | | | | | | Мало-умник | | | | | | | |
| | | | | | | Спарт-ански крал | | | | | | | |
| | | | | | | Две согласки | | | Герм. брховен бог / Вид итал. песна мн. | | | | |
| | | | | | | Крал на Егина | | | | Јапон. остров / Живеа-лиште | | | |
| | | | | | | Сулфур | | Град во Италија / Ам. артис Фред | | | | | Град во Египет |
| Ш.Г. | Лав (тур.) | Подзе-мно стебло | Скопје | Ш.Г. | Изучувач на амер. култура | Вид ракотвор. / Кинеска мер. за тежина | | | | | | | |
| Умет-ност (лат:) | | | | Писмена потврда / Број под дробн. црта | | | | | | | | Литар / Тупољев | |
| ***Пејачот на фотосот*** | | | | | | | | | | | Тетово / Вид муз. инструмент | | |
| Слава Зајцев | | | Анг. автом Најџел / Поглед од височ. | | | | | | | Анг. физиар Роберт / Град во Шпанија | | | |
| Амер. пејачка Синди | | | | | | Страв пред настап / Опер. дал Монте | | | | | | Сименс / Езеро во Африка | |
| Вид отровна печурка | | | | | | | | Место во Хрватска / Куси | | | | | |
| Азот | | Амер. артистка / Франц. композ. Морис | | | | | | | | | | | |
| Ш.Г. | Цикло-стил / Обвив. на дрво | | | | | | | | Красно-пис со заоблени букви | | | | |
| Личност од дело на Толстој Ана | | | | | | | | | Руско машко име / Анг. фудб. Пол | | | | |
| Елипси | | | | | | Муз.комп. за вежбање / Две сам-огласки | | | | | | Италија / Ербиум | |
| Одло-жување на плаќање | | | | | | | Две согласки / Метар | | | Созидан браг / Кислород | | | |
| Змеј | | | | Град во Романија | | | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И
КВАЛИТЕТЕН НАЧИН
НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA